

**ПРОЕКТ: ПРЕВЕНЦИЈА ОД ХИВ И УПОТРЕБА НА ДРОГИ ПОМЕЃУ ГРАЃАНИТЕ ОД ПОГРАНИЧНИТЕ ОБЛАСТИ ВО МАКЕДОНИЈА И КОСОВО**

***ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА***
**(ноември 2016)**

Во Организација на Здружението ХОПС – Опции за здрав живот Скопје во хотел Холидеј Ин, во Скопје, се одржа завршна конференција под име **Превенција на ХИВ и употреба на droги помеѓу граѓаните од пограничните области, проект поддржан и финансиран од Европската Унија**.

На завршната конференција претставник од **Центарот за јавно здравје - Скопје** беше Флорија Хамид, социјален работник. Флорија Хамид заедно со д-р Мелек Осман од Одделението за социјална медицина, се воедно и членови на експерската работна група кои учествуваа во изработка на ***Локалната стратегија за ХИВ на Град Скопје*** и на ***Акциските планови***.

На завршната конференција и претходеа неколку обуки на кои беа присутни вработени од Центарот за јавно здравје - Скопје, кои воедно и директно се вклучени во акцијата за унапредување на здравствената заштита, подигање на јавната свест и на здравствената култура, намалување на опасностите и здравствените проблеми кај населението и информирање за здравјето како наше најголемо богатство со бесценета вредност.

Конференцијата имаше за цел да ги промовира спроведените активности на полето на превенција на ХИВ во Македонија и Косово кон:

✓ Заштита и развивање на свеста за ХИВ и поврзаните ризици кај жителите на Скопје и лица со привремен престој,

✓ Сензибилизација за ХИВ на вработените и активно ангажираните лица во институциите кои се во контакт со групите/заедниците најзасегнати од ХИВ.
✓ Сензибилизација на новинари и уредници на јавни гласила.
✓ Заштита од ХИВ на најзасегнатите групи/заедници, лица кои инјектираат психоактивни супстанции, сексуалните работници/чки, мажи кои имаат секс со мажи, младите на возраст од 15-29 години.
✓ Грижа, поддршка и превенција на лицата кои живеат со ХИВ.
✓ Услуги за советување и тестирање за ХИВ како клучна мерка за навремена дијагностика, превенција и лекување на ХИВ.
✓ Поврзување на ХИВ и сексуалното и репродуктивно здравје.
✓ Координација, соработка и мобилизација на ресурси за спроведување на активности за заштита од ХИВ.

Според Светската Здравствена Организација ХИВ сеуште спаѓа во најголемите светски предизвици за јавното здравство, особено во земјите со ниски и средни приходи. До крајот на 2014 година, во светот биле регистрирани приближно 36,9 милиони лица кои живеат/ле со ХИВ. Од нив 1 милион биле новорегистрирани во текот на 2014 година.

До крајот на 2015 година во Македонија биле регистрирани вкупно 274 лица кои живеат со ХИВ, од кои само во текот на 2015 година се регистрирани 24 нови случаи на ХИВ. РМакедонија е категоризирана како земја со ниска стапка на ХИВ. Голема заслуга за тоа може да се припише на навремената реакција на одредени институции и организации, особено на поорганизираната акција поддржана од донацијата од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија.

---

**Ноември, 2016**
Извор: Локална стратегија на град Скопје за заштита од ХИВ за период од 2016 до 2020 година.
Подготвил: Магдалена Јованова, дипл. педагог.